ПРАВДАТА НЕ Е ПРИВИЛЕГИЈА

Пристап до правда за **најмаргинализираните**

# Повик за консултант/ка за подготовка на Национална стратегија за правно зајакнување 2023-2026 година и Акциски план

Фондацијата Отворено општество – Македонија (ФООМ) објавува Повик за консултант/ка за спроведување развивање Методологија, спроведување работилница и подготовка на Национална стратегија за правно зајакнување 2023-2026 година и Акциски план согласно Договорот за грант меѓу ФООМ и Европската Унија бр. NEAR-TS/2021/429-196.

## 1. Информации за проектот

Проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните" се спроведува во периодот јануари 2022-јули 2023 година од страна на ФООМ, ХОПС - Опции за здрав живот Скопје и Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп, финансиски поддржан од Европската Унија.

Целта на проектот е: да се овозможи заштита на човековите права преку правно зајакнување на бранителите на човекови права за унапредување на пристапот до правда за најмаргинализираните групи со фокус на Роми, луѓе кои живеат во рурални средини, лица кои употребуваат дроги, сексуални работници, деца и семејства во социјален ризик и други ранливи заедници.

Специфичните цели се: 1. Зголемен пристап до правда и правно зајакнување на маргинализираните граѓани преку континуирано обезбедување на квалитетни правни и параправни услуги; 2. Унапредено знаење и алатки на бранителите на човековите права и граѓанските организации за ефективна едукација и мобилизирање на граѓаните да преземат акција против нееднаквостите и да бараат остварување на законски гарантираните права; 3. Креирани напредни политики и практики засновани на докази кои ги содржат пристапите за човекови права, ги намалуваат нееднаквостите во пристапот до основните јавни услуги (здравствени, социјални, итн.) и ги задоволуваат потребите на маргинализираните граѓани.

Проектот ќе се имплементира преку групи на проектни интервенции/активности кои опфаќаат: Обезбедување на квалитетни правни и параправни услуги за унапредување на правата од здравствена и социјална заштита и други човекови права за маргинализираните заедници; Правно зајакнување на целните маргинализирани заедници да бараат остварување на човековите права; Едукација на маргинализираните граѓани да препознаат и изградат отпор против дезинформации поврзани со пандемии, како и промоција на важноста од потребата за

вакцинацијата против Ковид-19 како човеково право, но и обврска од исклучителна важност за јавното здравје; Активности за видливост на проектот; Градење капацитети на граѓанските организации и на претставници на релевантни институции на национално и локално ниво за унапредување на нивните услуги; Идентификување системски пречки во остварувањето на здравствените, социјалните и другите човекови права на маргинализираните заедници и застапување за нивно надминување; Активности за застапување за унапредување на пристапот до правда за сите граѓани.

2. **<u>Работни задачи и обврски</u>**

Во рамките на проектот ќе биде ангажиран/а еден/една консултант/ка. Главна задача е подготовка на Национална стратегија за правно зајакнување 2023-2026 и Акциски план.

Специфични работни задачи се:

- Развивање на методологија за подготовка на Националната стратегија;
- Да ја анализира постоечката легислатива за правно зајакнување;
- Да соработува со локални граѓански организации кои обезбедуваат правна, параправна помош или друг вид на правно зајакнување;
- Да спроведе дводневна работилница со засегнатите страни за креирање на Националната стратегија и Акциски план. (Сите трошоци и логистиката поврзани со организација на работилницата, ќе бидат покриени од проектот и проектниот тим);
- Подготовка на драфт-документ;
- Спроведување на консултативни средби со засегнатите страни;
- Финална верзија на Националната стратегија за правно зајакнување 2023-2026 година и Акциски план.

Работните обврски се:

- Редовна комуникација и координација со проектниот тим;
- Подготовка и доставување на формулар за евиденција на работно време;
- Исполнување на задачите во дадениот рок.

## 3. Временска рамка

Активностите ќе се имплементираат во периодот септември 2022 – март 2023 година и тоа:

| Задача | Краен рок за изработка | Работни часови/денови |
|---|---|---|
| Развивање методологија за подготовка на Националната стратегија | Септември 2022 година | 30 часа |
| Анализа на постоечка легислатива и идентификување на засегнати страни | Октомври 2022 година | 30 часа |
| Работилница за креирање на Националната стратегија и Акцискиот план | Декември 2022 година | 2 дена и 3 дена за подготовка |
| Спроведување на консултативни средби со засегнатите страни | Јануари 2023 година | 40 часа |
| Подготовка на драфт-документ | Февруари 2023 година | 17 дена |
| Финална верзија на документот | Март 2023 година | |

## 4. Потребни квалификации

- Минимум 3 години искуство во областа на пристап до правда за маргинализирани групи;
- Минимум 3 години искуство во стратешко планирање;
- Искуство во подготовка на стратегии;
- Одлично познавање на сите модели (формални и неформални) на правно зајакнување.

## 5. Начин на аплицирање

Заинтересираните кандидати/ки потребно е да достават кратка биографија (CV) со релевантни референци и линкови од претходно изработени стратегии, план за спроведување на активности и финансиска понуда во денари со вклучен персонален данок, на e-mail hristina.vasilevska@fosm.mk со назнака „Повик за консултант/ка “, најдоцна до 25.07.2022 година до 16:00 часот.

Непотполните и ненавремените пријави нема да бидат разгледани.

E-mail адреса за контакт: hristina.vasilevska@fosm.mk